ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

**« Соработка во рамките на локалното управување»**

# ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ 2011-2012

## СЕПТЕМВРИ 2011 ГОДИНА

-

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ..... 2

ПРЕДГОВОР ..... 4

ВОВЕД ..... 5

ОСКА 0: КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ..... 6

ОСКА1: ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ ..... 8

Цели ..... 8

Носители на проектот ..... 8

Партнери на проектот ..... 8

Активности ..... 8

Временска рамка ..... 12

ОСКА 2: МЛАДИ И ЛОКАЛНО И ЕВРОПСКОО ГРАЃАНСТВО ..... 13

Цели ..... 13

Носители на проектот ..... 13

Партнери на проектот ..... 13

Активности ..... 13

ОСКА3: ПОПИС НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ..... 14

Цели ..... 14

Носители на проектот ..... 14

Партнери на проектот ..... 14

Активности ..... 14

Временска рамка ..... 16

ОСКА 4: КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ ..... 17

Цели ..... 17

Носители н апроектот ..... 17

Partenaires du projet ..... 17

Активности ..... 17


Канцеларија на соработката Долан Нормандија/Македонија во Скопје
Бул. Партизански одреди, бр.15А 2-2, тел: 02 609 10 60

Временска рамка ........ 20
ОСКА5: ТУРИЗАМ ........ 21
Цели ........ 21
Носители на проектот ........ 21
Партнери на проектот ........ 21
Активност ........ 21
Временска рамка ........ 23
ОСКА 6: РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ........ 24
Цели ........ 24
Носители на проектот ........ 24
Партнери на проектот ........ 24
Активности ........ 24
Временска рамка ........ 27
СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАДОВИ ........ 28

# ПРЕДГОВОР

Децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија е иновативна соработка започната во 2006 година. Се работи за соработка единствена од ваков вид каде еден француски регион соработува со држава, Македонија. Во срцето на проектот е локалната власт имајќи ги како институционални партнери Регионалниот совет на Долна Нормандија и Министерство за локална самоуправа на Македонија. Оваа институционална соработка се состои од акциона програма спроведувана од страна на француски и македонски партнери. Првичната програма беше замислена за три години (2007-2010 година), но таа продолжи уште три години (2011-2013). Финансиски поддржан од страна на Министерството за надворешни и европски работи на Франција, проектот е координиран од Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА).

Проектот има за цел да спроведе активности од областа на локалното управување преку повеќе полиња на соработка како што се новите информатички технологии, младите, попис на културно наследство како и културни политики и развој на земјоделството. Целта на ваквата соработка е да придонесе во одржливиот развој на Регионот Долна Нормандија и Република Македонија преку постојана размена која би придонела во отворањето на овие две територии и нивното население кон светот.

# ВОВЕД

Во моментот децентрализираната соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија е на почетокот на својата петта година. Во текот на четиригодишната соработка односите меѓу Долна Нормандија и Македонија се продлабочија, што овозможи идентификување на нови оски на соработка. Целите на соработката се базирани на заедничките вредности на двете територии како што е доброто локално управување, почитување на човековите права и одржлив развој. Оваа децентрализирана соработка овозможува зајакнување и унапредување на регионалната и локалната димензија во Македонија, особено во рамките на процесот на европското интегрирање. Перспективата за европско интегрирање се реализира исто така и благодарение на постоечките меѓу општинските соработки остварувајќи ја истовремено основаната цел на проектот, а тоа е отворање на двете територии кон светот.

Особеност на четвртата година на проектот беше воведувањето на новата оска на соработка „Попис на културно наследство“ и физибилити студијата за соработка во областа на туризмот остварена во јули 2011 година. Оваа студија имаше за цел да развие институционална соработка во областа на туризмот заедно со Југозападниот плански регион во Македонија со цел да се создаде туристичка понуда за населението од Долна Нормандија со што би се развиле економски врски меѓу двете територии. Соработката во делот на туризам е добра можност за искористување на потенцијалите на Македонија како и знаењата и вештините на Долна Нормандија во оваа областа.

Со програмата на активности ќе се овозможи попрецизно спроведување на активностите и поддршка на целите на соработката. Со активностите се предвидува доближување до европското право во насока на интегрирање на европската легислатива. Со програмата на активности ќе се создаде солидна база за поголема европска интеграција и охрабрување на процесот на рамномерен регионален развој во Македонија.

Истовремено се поттикнува спроведувањето на мерки и политики кои целат кон унапредување на економскиот локален развој, поголема вклученост на етничките групи како би се придонело во одржливиот развој. Техничка асистенција ќе биде овозможена во реализирањето на активности за збратимување на градови во поглед на зближување на двете територии во областите покриени со програмата на активности.

Нивото на напредок на програмата на активности ќе зависи од напорите и постигнатите резултати од двете страни за остварување на заеднички воспоставените приоритети. Остварувањето на вој акционен план се должи на тесната соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Македонија што е и гарант за блиските односи меѓу двата региона.

Овој документ има за цел да ги претстави активностите во период од 12 месеци почнувајќи од октомври 2011 година до септември 2012 година. Овде се вклучени опис на активностите, носителите на проектите како и партнерите за соработка. Во овој документ се приложени листа со податоци на учесниците во соработката и временска рамка на спроведување на активностите.

# ОСКА 0: КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

**Носител на проектот**

- Регионален совет на Долна Нормандија
- Министерство за локална самоуправа на Македонија

**Координатор на проектот**

- Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)

## I. Следење и координација на проектот

### 1. Управен одбор

a. Средишен управен одбор во Македонија

*Дата : 2 април 2012 година*
*Место: МК*

Средишен управен одбор за македонските партнери. Оваа средба се организира со цел да се претстави средишен биланс на активностите од 2011-2012 година.

b. Средишен управен одбор во Долна Нормандија

*Дата: 20 Март 2012 година*
*Место: ДН*

Средишен управен одбор за француските партнери.

c. Билатерален управен одбор во Долна Нормандија

*Дата: септември 2012 година*
*Место: ДН*

Средба со цел да се направи биланс на остварени активности за 2011-2012 година.

### 2. Работни посети

*Дата: февруари 2012 година*
*Место: ДН*

Работен состанок во Долна Нормандија со цела да се разгледаат досегашните активности и начинот на евалуација на проектот.

### 3. Официјални посети

I. Официјална посета

*Дата: јули 2012 година*
*Место: МК*

Високи политички претставници од Регионалниот совет на Долна Нормандија ќе бидат во посета на Македонија во почетокот на јули. Целта на посетата е средби со новиот македонски министер за локална самоуправа, партнерите во соработката како и учество на фестивалот на француски филм во Охрид.

## II. Институционална поддршка

### 1. Поддршка на регионалниот развој во Македонија

Институционалните односи меѓу Регионалниот совет на Долна Нормандија и Министерството за локална самоуправа на Македонија ќе бидат воспоставени во текот на 2011-2012 година со средба на новиот министер.
Поддршката на регионалниот развој останува еден од приоритетите за оваа година. Предвидени се следниве активности:

- Септември – Декември 2011 година – студија за моменталната состојба од страна на канцеларијата на соработката во Скопје
- Јануари – април 2012 година – Создавање на акционен план со активностите за соработка
- Мај – септември 2012 година – реализација на активностите предвидени со акциониот план

Други можни активност: студиски посети, обуки « job shadowing ». Целта е пред се да се премине кон една поконкретна фаза на размена меѓу двете територии.

### 2. Поддршка на процесот за евро интегрирање

Отворањето кон Европа на двете територии е трансверзален аспект на програмата. Предвидените активности се со цел да се одговори на барањето за приближување на Македонија кон Европската Унија. Сите партнери во соработката се свесни за важноста на прашањето за европско интегрирање на Македонија. Сепак, координацијата на програмата ќе работи на продлабочување на оваа димензија.
Посебен акцент ќе биде ставен на европските програми во кои партнерите би можеле да земат учество. Канцеларијата на Регионот Долна Нормандија во Брисел заедно со канцеларијата на соработката во Скопје се задолжени за редовно информирање на партнерите за европските актуелности битни за соработката како и нивна поддршка во процесот на поднесување на европски проекти.

Предвидени се следниве активности:

- Подигање на свеста за европските приоритети;
- Информирање на партнерите за настани/програми битни за нашата соработка;
- Индивидуално следење на постапките за поднесување на европски проекти поврзани со програмата;
- Активности за вмрежување на партнерите на соработката за создавање на трансверзални активности.

## II. Придружни мерки на програмата за децентрализирана соработка

***Да се дополни***

# ОСКА1: ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ

**Цели**

*Општи цели*

- Зајакнување на капацитетите на општините во Долна Нормандија и Македонија;
- Зголемување на граѓанското учество во процесот на јавно одлучување и локално управување преку употреба на информатички и комуникациски технологии (ИКТ);
- Создавање на терен за работа преку пристап до интернет на јавните места.

*Специфични цели*

- Промовирање на двете територии користејќи го потенцијалот на дигиталните технологии преку претпријатија, туристички и културни настани во различните региони во Македонија или во локалните единици во Долна Нормандија;
- Подигање на свеста, особено кај децата и младите, за заштитата на приватноста;
- Подобрување на информатичките познавања за поактивно учество на граѓаните во користењето на интернет;
- Создавање на меѓународна мрежа на ИКТ и човекови права составена од асоцијации/НВО, претпријатија, граѓани, општини кои сакаат да учествуваат во процесот на усвојување на јавните политики;
- Зајакнување на капацитетите за развој на системот на е-учење;
- Поттикнување на размените на искуства меѓу аниматорите на дигиталните клубови во Долна Нормандија и Македонија.

**Носители на проектот**

- ➢ Метаморфозис (МК)
- ➢ Дирекција за дигитален развој на територијата на Регионалниот совет на Долна Нормандија (ДН)

**Партнери на проектот**

- Министерство за информатичко општество на Македонија
- Општини заинтересирани за децентрализирана соработка: Дебар, Велес, Скопје
- Polytechnicum – Долна Нормандија
- Дигитални клубови и телецентри
- Википедиа-Македонија

**Активности**

### 1.1. Создавање на вики портали

Промовирање на двете територии користејќи го потенцијалот на дигиталните технологии преку претпријатија, туристички и културни настани во различни географски подрачја во Македонија и во Долна Нормандија.

1.1.1. Создавање на регионални вики портали опфаќајќи ги општинските вики портали на специфичните региони

*Дата : октомври 2011 – мај 2012 година*

*Место : МК/ДН*

Создавање на регионални вики портали во точно определени периметри. Во Македонија ќе се земат во предвид сите општини кои се дел од плански регион. Додека во Долна Нормандија, распространетоста ќе зависи од функцијата на телото задолжено за поддршка на проектот. Неговата цел ќе биде да одбере територија, доволно значајна за да биде вклучена. Дефинираните параметри ќе бидат клучни за оформување на информации во дадените домени: бизнис, туризам, уметност, култура, итн.

1.1.2. Користење на регионалните вики портали во двете територии

*Дата : октомври 2011 – мај 2012 година*
*Место : МК/ДН*

Активноста предвидува анимирање на претпријатија, асоцијации и институции во процесот на учество и користење на вики порталите во рамките на нивните секојдневни активност. Во Долна Нормандија, активноста ќе се потпре на мрежата од дигитални клубови и нејзините аниматори.

1.1.3. Обука за користење на регионалните вики портали во Македонија

*Дата : октомври 2011 – мај 2012 година*
*Место : МК/ДН*

Обука за користење на вики порталите наменета за различни групи (претпријатија, НВО, општини, уметници итн.) во секој регион во Македонија. Со цел да се поттикне употребата на вики порталите во рамките на нивните долгорочни цели и активности ќе биде направена обука за македонските партнери во соработката. Материјалот употребен на обуките за употреба на вики порталите ќе биде адаптиран на француски јазик.

1.1.4. Активности за промовирање на вики портали во Македонија

*Дата : октомври 2011 – мај 2012 година*
*Место : МК*

На крајот на предвидените активности во секој плански регион во Македонија ќе се организираат јавни настани за промовирање на специфичната култура, традиција и можностите на регионот.

*Оваа активност е предвидена за наредната година во Регионот Долна Нормандија.*

Очекуван импакт :

- Зајакнување на публиката во однос на капацитетот да „пишува“ на интернет страни и подобро запознавање со поврзаните алатки,
- Зголемување на активното учество на сите целни групи, дозволувајќи подобро запознавање и информирање за можностите на дадената територија

## 1.2. Создавање на регионална мрежа за човекови права

Создавање на мрежа на НВО и експерти од областа на заштита на приватните податоци како основни човекови права во Долна Нормандија, Македонија и други земји на Балканот. Станува збор за формализирање на мрежата и определување на процесот на комуникација.

1.2.1. Организирање на тркалезна маса

*Дата : декември 2011 – март 2012 година*
*Место : МК/ДН*

Тркалезна маса ќе биде организирана со цел да се претстават најдобрите практики, искуства и проблеми во областа на заштита на човековите права на интернет преку презентирање на успешен модел на активно граѓанско учество во Македонија кое служи како интернет алатка за комуникација меѓу граѓаните и одговорните лица на локално и национално ниво.

1.2.2. Електронски публикации

*Дата : мај 2012 година*
*Место : ДН*

Сите заклучоци и препораки кои се објавени електронски ќе бидат испратени на сите заинтересирани институции на Балканот и во Долна Нормандија.

<u>Очекуван импакт :</u>

- Подигање на свеста за заштита на човековите права на интернет,
- Запознавање со можностите за безбедно користење на интернет,
- Зголемување на активното учеството на граѓаните и организациите.

### 1.3. Подигање на свеста кај младите и децата за употребата на интернет и почитување на правото на приватност

Подигање на свеста во однос на прашањето за заштита и сигурност на интернет меѓу децата и младите од различна националност преку видеа и игри.

*Дата : октомври 2011 – април 2012 година*
*Место : ДН*

1.3.1. **Студиска посета во Долна Нормандија со цел да се запознаат потенцијални партнери**

1.3.2. Превод на 13 краткометражни филмови и 10 игри за заштита и сигурност на интернет на ромски, турски и француски јазик за да бидат претставени во дигиталните клубови и на Интернет

1.3.3. Адаптација на потенцијалните алатки користени во Долна Нормандија

1.3.4. Создавање на 2 краткометражни анимирани филма на слични теми кои ќе бидат преведени на горенаведените јазици

1.3.5. Промоција на овој тип на содржини во Долна Нормандија и во различни македонски општини особено во мултиетничките средини во земјата

Очекуван импакт :

- Зајакнување на капацитетите на децата и младите за интелигентно користење на интернет за во иднина активно да учествуваат на важни интернет активности

### 1.4. Создавање на платформа е –учење

1.4.1. Создавање на платформа за споделување на материјали и методи за е–учење во Македонија

*Дата : февруари – октомври 2012 година*

*Место: МК*

Создавање на платформа за споделување на материјали и методи за е-учење во Македонија засновано платформа предложена од партнерите

a. Воспоставување на партнерства со заинтересираните институции во Македонија,
b. Преведување, приспособување и полнење на веб страната,
c. Промовирање содржините

Очекуван импакт :

- Овие активности ќе се остварат преку креирање на пилот платформа за придружување на развојот на е-учење,
- Проширување на палетата на расположливи алатки и методи

### 1.5. Соработка меѓу дигиталните клубови во Македонија и Долна Нормандија

1.5.1. Соработка меѓу дигиталните клубови во Македонија и Долна Нормандија

Зајакнување на капацитетите на чинителите во проектот.
Ширење на партнерствата меѓу дигиталните клубови во Македонија и Долна Нормандија со цел да се зајакнат соработките меѓу градовите.
Организирање на настани во дигиталните клубови во Долна Нормандија за промовирање на Македонија.

## Временска рамка

| Бр. на активност | Име на активноста | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Создавање на вики портали | | | | | | | | | | | |
| 1.2. | Создавање на регионална мрежа за човекови права | | | | | | | | | | | |
| 1.3. | Подигање на свеста за приватноста на Интернет | | | | | | | | | | | |
| 1.4. | Создавање на платформа на е-учење | | | | | | | | | | | |

# ОСКА 2: МЛАДИ И ЛОКАЛНО И ЕВРОПСКОО ГРАЃАНСТВО

**Цели**

*Општи цели*

- Мобилизирање на капацитетите на чинителите од двете територии за да се воспостават младински, долготрајни и партиципативни политики и да им се помогне во употребата на европските алатки;
- Создавање на услови за личен, професионален и социјален развој на младите од Долна Нормандија и Македонија преку стекнување на автономија, преземање одговорност и граѓанско учество.

*Специфични цели*

- Спроведување на анкета за влегување на младите во активен живот;
- Развивање на центри за информирање и советување на млади,
- Создавање на нови соработки со општините во Долна Нормандија и Македонија;
- Споделување на искуството меѓу општините во Македонија особено во ист регион.

**Носители на проектот**

- Коалиција на младински организации – СЕГА (МК)
- Maison de l'Europe de Caen – Долна Нормандија (ДН)

**Партнери на проектот**

- Француска амбасада во Македонија (канцеларија за јазична соработка)
- Агенција за млади и спорт на Македонија
- Регионална дирекција за млади и спорт од Долна Нормандија
- Ректорат на академијата од Каен
- Здружение Mémoire pour la vie
- Образовна лига од Долна Нормандија

**Активности**

***Да се дополни***

# ОСКАЗ: ПОПИС НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**Цели**

*Општи цели*

- Зајакнување на способностите на локалните работници во областа на урбанизам на културното наследство;
- Поттикнување на дијалогот меѓу општинските советници и административните работници поврзани со проблематиките за спроведување на соодветни политики за културно наследство ;
- Вмрежување на локалните единици за да не бидат изолирани во нивните пристапи и да работат надополнето;
- Дефинирање на методологија за оперативен попис меѓу сите чинители со цел да се создаде алатка за заштита и управување на културното наследство;
- Поттикнување на економскиот развој на општините преку културното наследство;
- Вклучување на малцинствата.

*Специфични цели*

- Придружување на градовите во нивните проекти за попис на културно наследство;
- Проучување на моменталната состојба на политиките и алатките за урбанизам на културно наследство во Франција и Македонија;
- Поттикнување на вклученоста на локалните единици и институции од Долна Нормандија;
- Зајакнување на партнерството и размените меѓу факултетот за архитектура од Скопје и Универзитетот од Каен;
- Развивање на врски со други земји од Балканот и Кавказ.

**Носители на проектот**

- Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори (ФР)
- Асоцијација на градови од Македонија со архитектонско наследство (МК)

**Партнери на проектот**

- Град Скопје
- Општините Велес, Штип, Куманово, Кратово, Берово
- Факултет за архитектура
- Вардарски плански регион

**Активности**

**3.1. Студиска посета за започнување на попишувањето на културно наследство**

*Дата: крај 2011 година – почеток 2012 година*
*Место: Велес (МК)*

Во текот на летниот период градовите собраа база на документи (карти , планови, фотографии, цртежи од различна епоха) по нивен избор. Оваа активност е неопходна за одвивање на пописот на културно наследство. Значи, за време на посетата детално ќе се

проучуваат овие документи и ќе се подготвуваат екипите. Оваа активност е заснована врз размена на искуства меѓу техничари и експерти од Франција со цел да се дадат конкретни алатки за работа. На крајот на посетата е предвидена и реституција на активностите заедно со партнерите. Учесници во активноста ќе бидат претставници на македонските општини и студенти по архитектура. Синтеза на проучувањето на документите од страна на општините и методологија на работа за оперативниот опис ќе бидат направени. Исто така ќе биде организирана и средба со одговорниот на Центар за развој на Вардарскиот плански регион.

### 3.2. Семинар во Долна Нормандија

*Дата* : *прв квартал 2012 година*
*Место : ДН*

Станува збор за активност која ќе овозможи размена меѓу општинските советници и административни работници од Долна Нормандија и Македонија на тема политики за културно наследство спроведувани во двете територии. Оваа посета ќе биде искористена за подготовка на европски проект во рамките на ИПА програмата. Активноста е базирана на посети на градови кои развиваат алатки за урбанизам на културното наследство. Овие посети ќе бидат обезбедени од страна на одделенијата за урбанизам и културно наследство. Учесници на семинарот ќе бидат претставници од општините од Македонија и од Долна Нормандија. Целта е да се направи синтеза на француските политики за културно наследство во прилог на општините.

### 3.3. Работна група за следење на пописот на културно наследство во Македонија

*Дата : втор квартал 2012 година*
*Место :Штип, Берово, Велес, Куманово, Кратово (МК)*

Пописот на културно наследство кој ќе биде спроведен во 5 македонски градови треба да биде следен од група на техничари. Асоцијацијата на градови со архитектонско наследство од Македонија треба целосно да ја одигра својата улога на мрежа со цел да обезбеди постојани размени меѓу македонските градови кои не поседуваат доволно човечки ресурси за водење на проектот. Соработката со факултетот за архитектура од Скопје ќе биде зајакната и ќе бидат остварени размени со Универзитетот од Каен. Оваа активност е базирана на размена меѓу македонски општински работници и француски експерти со цел да се создадат соодветни алатки за работа. Претставници од факултетот за архитектура во Скопје, од Центарот за развој на вардарскиот плански регион исто така ќе учествуваат на активноста. Архитект од Бугарија кој има правено попис на културно наследство во градот велико Трново, Бугарија, во партнерство со градот Бајон од Франција ќе биде поканет да учествува на активноста за да го пренесе своето искуство. Ќе се работи и на подигање на свеста за потребата од воведување на модул за урбанизам на културно наследство во текот на студиите наменет за професорите и студентите од факултетот за архитектура во Скопје.

## Временска рамка

| Бр. на активност | Име на активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Студиска посета за започнување на попишувањето на културно наследство | | | | | | | | | | | |
| 3.2 | Семинар во Долна Нормандија | | | | | | | | | | | |
| 3.3 | Следење на пописот | | | | | | | | | | | |

# ОСКА 4: КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ

**Цели**

*Општи цели*

- Создавање на стратегија за културен развој на Регионот Пелагонија и развивање на професионалните капацитети на локалните културни работници кои ќе придонесат во одржливиот културен развој и одржувањето на соработката меѓу општините и Регионот Пелагонија со Областа Монт Сан Мишел во Долна Нормандија;
- Зајакнување на локалното управување во Долна Нормандија во доменот на култура и вклучување на различни културни работници во меѓународни културни размени.
- Анализирање на потребите во една област во Долна Нормандија (област Монт Сан Мишел) која ќе оди во насока на територијална дијагноза и ќе претставува нов модел на локални или регионални културни политики.

*Специфични цели*

- Зајакнување на врските меѓу институциите и индивидуите во доменот на уметноста и културата во Регионот Пелагонија во Македонија и во Областа Монт Сан Мишел во Долна Нормандија;
- Обезбедување на алатки за развивање на професионалните капацитетите, вмрежување, планирање на културните политики и стратешки развој;
- Развивање на делот култура во наведениве региони и регионална соработка која би овозможила социјален и економски развој.

**Носители н апроектот**

- Центар за нови иницијативи во културата - Локомотива (МК)
- CRéCET – Регионален центар за култура, етнологија и техника (ДН)

***Partenaires du projet***

- Центар за развој на планскиот регион Пелагонија
- Француска амбасада во Македонија
- Општини од Регион Пелагонија
- Асоцијации и културни институции во Регионот Пелагонија
- Област Сан Мишел

**Активности**

### 4.1. Идентификација и развој на стратегијата

*Дата: октомври – декември 2011 година*
*Место : МК*

Идентификацијата и анализата на ситуацијата започнаа во третата година на проектот и се во завршна фаза, која би завршила крај на 2011 година. Со оваа активност ќе се анализира актуелната ситуација во областа на културата во Регионот Пелагонија, и за

прв пат ќе се добијат податоци за институциите, асоцијациите, индивидуите и тековните проекти поврзани со култура во овој регион. Оваа активност се уште не е направена на национално ниво и ваквата иницијатива би можела да претставува инспирација за другите плански региони во Македонија да го направат истото. Тоа само по себе би водело кон создавање на база на податоци на културното македонско богатство на национално ниво. Координативното тело формирано од четири лица заедно со Центарот за развој на Регионот Пелагонија и Локомотива вршат анализи на територијата и создаваат регистри. Оваа активност подразбира:

- Истражување и анализа на актуелната ситуација во областа на културата во Регионот Пелагонија;
- Создавање на регистер на институции, на асоцијации и индивидуи во културата, манифестации и проекти за културен туризам.

Овие податоци ќе бидат база за стратешки план за културен развој кој ќе биде направен до крајот на 2011 година.

### 4.2. Создавање на организациска структура

*Дата: октомври – декември 2011 година*
*Место:Област Мон Сан Мишел*

Создавање на организациска функционална структура во Областа Мон Сан Мишел која може да го подржи создавањето и спроведувањето на проектот, обезбедена со:

- Поддршка на Одделението за култура во Регионалниот совет;
- Одредување на координатор (експерт за локален развој за културни и артистички организации) во Областа Мон Сан Мишел – Г-н Доминик Гајет;
- Поддршка на соработката од Комитетот за култура и социјален живот на Советот за развој на Областа и секторот за култура на Департманот Ла Манш.

Предвидени се следните чекори: заедно со координаторот да се дефинира стратегија за одредување на учесници и главни културни работници кои ќе бидат вклучени во активноста и одржување на повеќе состаноци со претставници од Областа со цел да се направат размени за идните перспективи и планови во рамките на создавањето на нивните културни политики. Оваа активност би овозможила создавање на временска рамка на активности за идната година во проектот.

### 4.3. Создавање на мрежа во Регионот Пелагонија

*Дата: октомври – декември 2011 година*
*Место: Регион Пелагонија*

Создавањето на регионална мрежа за култура во Регионот Пелагонија има за цел да ја промовира меѓу општинската размена, интеракцијата и зајакнувањето на капацитетите. Мрежата претставува прва етапа за започнување на соработката со културната мрежа во Регионот Долна Нормандија.
Регионалната мрежа за култура ќе ја зајакне и подобри размената и соработката меѓу сите засегнати страни во Регионот. Мрежата ќе биде координирана од Центарот за развој на Регионот Пелагонија, со седиште во Битола. Членовите на мрежата ќе одредат тело за координација кое ќе ја претставува мрежата и ќе ги промовира нејзините активности и ќе работи на конкретни идеи предложени од членовите на мрежата. Состаноците на мрежата ќе се одржуваат во различни општини од Регионот: Битола, Ресен, Крушево и

Прилеп. Предложената структура за создавање и работа на мрежата за 2012 година е следната:

- Координација на мрежата (Центарот за регионален развој ќе предложи еден координатор)
- Средби на регионалната мрежа за култура:
  - 4 средби во годината за сите засегнати страни (2 од овие состаноци ќе се одржат во периодот од јануари до септември 2012 година)
  - Еднаш месечно средба со телото за координација на мрежата
  - Средба со советник на телото за координација за развој на меѓународните односи на мрежата
- Одредување на временска рамка на културни активности на Регионот за споделување и размена на програмата. Оваа временска рамка ќе биде објавена на страната на Центарот за регионален развој и во други медиуми.
- Средби на претставници на мрежата со претставници на Департманот Ла Манш и Областа Монт Сан Мишел.

### 4.4. Работилница за зајакнување на капацитетите

*Дата : април 2012 година*
*Место: Регион Пелагонија*

Од минатогодишната работилница научивме дека има итна потреба од работилници кои ќе ги развиваат професионалните капацитети на вработените во јавните културни институции како и општинските работници задолжени за култура. Зајакнувањето на капацитетите ќе овозможи можност за одрживо управување на културните институции во регионот. Треба да се земе во предвид дека во моментот најголеми промотори на културата се националните и општинските културни институции кои покриваат голем дел од регионалната културна понуда и е неопходно да се инвестира во развојот на нивните човечки ресурси за да се постигнат целите на проектот.

Работилница за управување со проекти во културата и добивање на фондови ќе се случи во Регионот Пелагонија. Освен претставници од Регионот Пелагонија ќе бидат поканети и претставници од Областа Монт Сан Мишел и Департманот Ла Манш. Ова е многу битно со оглед на фактот дека претставниците од Долна Нормандија ќе добијат попрецизни информации за целите и методологијата на работа воспоставени во Пелагонија, на чија основа би можеле да го оценат нивниот потенцијал и локални потреби во културата.

### 4.5. Работна посета во Областа Мон Сан Мишел

*Дата : јуни 2012 година*
*Место : Област Мон Сан Мишел (ДН)*

По одржувањето на работилницата во Пелагонија, претставниците од Областа Мон Сан Мишел и од Департманот Ла Манш, врз основа на стекнатите информации и познавања ќе анализираат и ќе размислат за спроведување на можен модел во нивен контекст. Во текот на неколку денови, во месец јуни, претставници од Локомотива и од Регионот Пелагонија (експерти и дел од координативната група) ќе бидат во официјална посета на Областа со цел да работат заедно на планирање на активностите и модел на соработка.

### 4.6. Културен производ и културна размена

*Дата: април 2012 година*

*Место: Регион Пелагонија*

Создавање на денови на културата во Регионот Пелагонија и фонд за соработка во регионот за меѓу регионална соработка.

**<u>Временска рамка</u>**

| **Бр. на активност** | **Име на активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1. | Изработка на документ за стратешко планирање | | | | | | | | | | | | |
| 4.2. | Одредување на потенцијални заинтересирани страни во соработката | | | | | | | | | | | | |
| 4.3. | Вмрежување | | | | | | | | | | | | |
| 4.4. | Работилница за зајакнување на капацитетите<br>Работилница за управување со проекти | | | | | | | | | | | | |
| 4.5. | Посета во Долна Нормандија | | | | | | | | | | | | |
| 4.6. | Создавање и спроведување на инструменти за Фонд за регионални културни проекти | | | | | | | | | | | | |

# ОСКА5: ТУРИЗАМ

**Цели**

*Општи цели*

- Подготовка на стратегија за развој на туризмот во 8 општини во Југозападниот плански регион;
- Јакнење на капацитетите на локалните власти за спроведување на стратегијата.

*Специфични цели*

- Оценување на капацитетите и условите во 16 општини со цел да се развие туризмот во рамките на децентрализираната соработка;
- Создавање на стратегии за развој на одржливиот туризам на локално и регионално ниво во најмалку 8 општини.

**Носители на проектот**

- Центар за институционален развој – ЦИРа (МК)

**Партнери на проектот**

- Центар за регионален развој на Југозападен регион
- Туристичка комора на Македонија
- Општини од Македонија и Долна Нормандија

**Активност**

### 5.1. Фаза на подготовка

5.1.1. Воспоставување на соработка со општините, соодветните институции и развивање на стратегија за одржлив туризам на локално ниво

*Дата :октомври – декември 2011 година*
*Место: МК*

Оваа година акцентот ќе биде ставен на општините Берово, Маврово – Ростуше, Дебарца, Вевчани, Другово, Центар Жупа, Кичево, Осломеј, Зајас, Македонски Брод, Вранештица, Дебар и Пласница. Оваа листа подразбира општини веќе вклучени во соработката како Маврово – Ростуше, Берово и Новаци. Поради големиот број на општини и краткиот период од 12 месеци само 5 општини од Југозападен регион ќе бидат вклучени. Овој избор ќе биде направен во соработка со канцеларијата на соработката во Скопје.

5.1.2. Потпишување на меморандуми за соработка со општините, Југозападниот регион, институции, локални организации, бизнис сектор итн.

*Дата :ноември – декември 2011 година*
*Место: МК*

Станува збор за започнување на соработки со заинтересираните страни во оваа област за да се подготви стратегијата. Потпишувањето на меморандумите за соработка со општините ќе даде целосна вклученост и соработка од нивна страна. Освен општините, договорот ќе биде потпишан и со други засегнати страни како Агенцијата за развој и

промоција на туризмот во Република Македонија, Министерство за животна средина, Факултет за туризам во Охрид, Факултет за архитектура во Скопје, Национален парк Маврово, Туристичка комора итн.

5.1.3. Студиска посета со цел да се создаде програмата за развој на стратегија за одржлив туризам на локално ниво во соработка со францускиот партнер и да се дефинира процесот и алатките користени од страна на општините

*Дата: јануари – февруари 2012 година*
*Место : ДН*

Со цел да се избере најсоодветен систем ЦИРа во соработка со својот партнер од Долна Нормандија ќе изработи програма за развој на стратегијата на локално ниво според европски стандарди. Екипа експерти од ЦИРа ќе бидат на студиска посета во Долна Нормандија. Заедно со францускиот партнер ќе се одржат повеќе средби во области каде овој вид на стратегија е веќе спроведен. Идејата е да се развие процесот и алатки за работа во македонските општини. Во текот на 5 дена ќе се разменат искуства со цел да се зајакнат капацитетите на локалните власти.

### 2.1. Создавање на стратегија за развој на одржливиот туризам на локално ниво

5.2.1. Обука на локалните власти за подготовка на стратегијата

*Дата : март – април 2012 година*
*Место: МК*

Целта на активноста е да се зајакнат капацитетите на локалните власти во осумте општини за спроведување на стратегијата. Оваа обука ќе го претстави концептот за создавање на таква стратегија на локално ново. Во текот на два дена учесниците ќе се стекнат со неопходните алатки за создавање на стратегијата. На крајот на обуката, учесниците ќе имаат обврска да одржат најмалку 3 обуки со засегнатите чинители во нивните општини со цел да се дефинира рамка за создавање на стратегијата.

5.2.2. Формирање на работни групи во секоја општина за создавање на стратегијата

*Дата : април 2012 година*
*Место: МК*

Во рамките на активноста во соработка со општините ќе се формира систем од 3 работни групи со цел да се создаде стратегијата. Работните групи ќе бидат составени од различни чинители од доменот на туризам како тур-оператори, туристички агенции, хотели, експерти и граѓани. Идејата е да работат заедно на создавање на стратегијата.

5.2.3. Подготовка на стратегијата во 8 општини

*Дата: март – јули 2012 година*
*Место: МК*

Процесот на подготовка на стратегијата во 8 македонски општини ќе биде придружен од експерти од ЦИРа и француски експерти.

## 5.3. Усвојување на стратегијата за развој на одржливиот туризам на локално ниво и следење на процесот на спроведување

### 5.3.1. Усвојување на стратегијата од страна на Советот на општините

*Дата : јули 2012 година*
*Место : МК*

Врз основа на меморандумите за соработка очекувано е стратегијата да биде усвоена од страна на Советот на општината.

**Временска рамка**

| Бр. на активност | Име на активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Фаза на подготовка | | | | | | | | | | | | |
| 5.1.1. | Избор на општини | | | | | | | | | | | | |
| 5.1.2. | Потпишување на меморандуми за соработка | | | | | | | | | | | | |
| 5.1.3. | Создавање на програма за стратегијата | | | | | | | | | | | | |
| 5.2. | Создавање на стратегијата | | | | | | | | | | | | |
| 5.2.1. | Обука | | | | | | | | | | | | |
| 5.2.2. | Работна група | | | | | | | | | | | | |
| 5.2.3 | Подготовка на стратегијата | | | | | | | | | | | | |
| 5.3 | Усвојување на стратегијата | | | | | | | | | | | | |
| 5.3.1. | Усвојување од Општинските совети | | | | | | | | | | | | |

# ОСКА 6: РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Цели**

*Општи цели*

- Зајакнување на капацитетите на земјоделските организации за одржлив економски развој;
- Земјоделските организации вклучени во овој проект се организации на производители, кооперативи со активности во различни области како: техничка опрема, употреба на заеднички материјали, комерцијализација.

*Специфични цели*

- Зајакнување на организациите и нивното функционирање (визија – стратегија, организација на услуги, човечки и финансиски средства);
- Обезбедување услуги на нивните членови (економски, технички, права);
- Јакнење на соработката во рамките на земјоделската мрежа на Балканот.

**Носители на проектот**

- Француски земјоделци за меѓународен развој – АФДИ Долна Нормандија
- Федерација на фармери на Република Македонија - ФФРМ

**Партнери на проектот**

- IADK, Инцијатива за земјоделско развивање во Косово (Косово)
- Асоцијација на индивидуални фармери од Србија
- Асоцијација на фармери од Босна и Херцеговина (БиХ)
- Асоцијација на сточари од Албанија

**Активности**

**6.1. Придружување на земјоделските организации за да се подобри рентабилноста и земјоделското производство и организирање на земјоделско прехранбените филијали**

6.1.1. **Работна група за квалитетот на млекото**

6.1.1.1. Средба на чинителите за одредување на активностите

*Дата : октомври 2011 – август 2012 година*
*Место : МК*

Работната група треба да придонесе за подобрување на условите за одгледување и хигиена преку директна работа во неколку избрани фарми со што ќе се овозможи подобар квалитет на млекото.
Оваа работна група ќе придонесе и во соработката меѓу различните региони каде млечното производство е присутно, во западна и југозападна Македонија. Работната група ќе се состане 4 пати.
Во оваа работна група ќе учествуваат 3 производители од ФФРМ, 4 претставници од млечната индустрија (Идеал Шипка, Битолска млекара, Здравје Радово и Млекара Тетово), 2 лабораториски работници (Институт за сточарство и факултет за ветерина),

еден ветеринар од Комора на ветеринари, еден претставник од Министерство за земјоделство, еден професор од природно - математички факултет. Претставниците на АФДИ ќе учествуваат на состаноците во февруари и јуни на оваа работна група.

#### 6.1.1.2. Активност за поддршка и експертиза на работната група

*Дата: јуни 2012 година*
*Место: МК*

Оваа мисија на претставниците од Долна Нормандија има за цел да го следи напредокот на работната група и развојот на соработките со сите партнери во проектот. Целите ќе бидат одредени по двата први состаноци на групата. Предвидени се и сведоштва од францускoто искуство за функционирањето на млеко производството и важноста на квалитетот и средствата користени за негово подобрување.

#### 6.1.1.3. Формирање на пилот групи/ придружување на земјоделските организации и млечни филијали

*Дата: декември 2011 – јули 2012 година*
*Место: МК*

ФФРМ ќе одржи обуки на пилот групите, но намалувајќи го бројот на начин што 5-те обуки ќе примат поголема публика со што би требало да се придонесе во подобрување на практичните познавања на фармерите во доменот на подобрување на хигиената и квалитетот на млекото.

Предвидено е целокупната координација на програмата за обуки да биде доделена на работната група за квалитетот на млекото.

#### 6.1.2.1. **Обука на пилот групите/зајакнување на капацитетите на млекопроизводители за рентабилност на млечното производство**

*Дата: декември 2011 – јули 2012 година*
*Место : МК*

ФФРМ ќе одржи обуки на пилот групите, на начин што 5-те обуки ќе примат поголема публика со што би требало да се придонесе во подобрување на практичните познавања на фармерите во доменот на подобрување на хигиената и квалитетот на млекото.
Предвидено е целокупната координација на програмата за обуки да биде доделена на работната група за квалитетот на млекото.

#### 6.1.2.2. Посета во Македонија

*Дата : февруари 2012 година*
*Место : МК*

За време на оваа посета, македонските фармери ќе имаат можност да разменат со француските техничари и одговорни за земјоделските организации во доменот на хигиената и квалитетот на млекото. Така ќе може да се даде директен придонес на работната група за квалитетот на млекото. Ќе биде проучена и можноста за директна соработка со фармерите.

Учесниците на оваа посета ќе учествуваат на Балканската конференција организирана од ФФРМ.

#### 6.1.2.3. Посета на производителите од ФФРМ во Франција

*Дата: април 2012 година*

*Место :ДН*

Со оваа посета македонските фармери ќе можат да видат и да научат повеќе за нивниот домен на работа. Тие ќе можат подоцна да ги пренесат своите искуства во Македонија и да ги употребат за подобрување на хигиената и квалитетот на млекото.
ФФРМ и АФДИ се задолжени за координирање на програмата на посетата водејќи сметка за приоритетите и активностите дефинирани од работната група. Програмата за обука ќе следува по посетата во Македонија во февруари 2012 година.
ФФРМ ќе ги пренесе искуствата од посетата на заинтересираните организации.

#### 6.1.2.4. Посета во Франција за производителите од Косово

*Дата : ноември 2011 година*
*Место : ФР*

Во рамките на соработката со ИАДК – Иницијатива за земјоделски развој на Косово, АФДИ во ноември 2011 година ќе организира посета во Франција на тема сточарско производство (прехрана, репродукција) и организирање на фармерите во асоцијација.
Забелешка: темата за подобрување на квалитетот на млекото ќе биде заедничка со активностите водени заедно со ФФРМ.

#### 6.1.2.5. Посета во Косово на француските одгледувачи

*Дата : април 2012 година*
*Место : Косово*

Во рамките на соработката со Косово, оваа посета цели кон продолжување на поддршката на млечните филијали вклучувајќи ја динамиката на фармерска преработка. Идејата на АФДИ е оваа посета да придонесе во јакнењето на земјоделските организации и да го истакне искуството на ФФРМ со работните групи за квалитет на млекото.

## 6.2. Зајакнување на мрежата на земјоделски организации на Балканот за одржлив земјоделски развој

### 6.2.1. Организирање на годишна конференција на мрежата на фармери на Балканот

*Дата: февруари 2012 година*
*Место: МК*

Конференцијата на мрежата на фармери на Балканот е традиционално организирана еднаш годишно од страна на ФФРМ на различна тематика која треба да придонесе во јакнењето на земјоделските организации на Балканот преку учество на претставници од повеќе организации од различни земји од регионот.

### 6.2.2. Посета за размена на искуства во Косово

### 6.2.3. Посета за размена на искуства во Балканските земји

*Дата : ноември 2011 – јули 2012 година*
*Место: Косово, Албанија, Бугарија*

Посета на земјоделски организации, на саеми, на пазари, присуство на настани, на конференции во земјите од регионот ќе придонесе во надополнување на активностите за развој за фармерите како и во јакнењето на врските меѓу фармерите од регионот кои во иднина ќе можат да користат заеднички бенефиции.

**<u>Временска рамка</u>**

| **Бр. на активност** | **Име на активност** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1.1.1 | Работна група за квалитетот на млекото | | | | | | | | | | | |
| 6.1.1.2 | Поддршка на работната група | | | | | | | | | | | |
| 6.1.1.3<br>6.1.2.1 | Обука | | | | | | | | | | | |
| 6.1.2.2 | Посета во Македонија | | | | | | | | | | | |
| 6.1.2.3 | Посета во Франција | | | | | | | | | | | |
| 6.1.2.4 | Посета на косовските одгледувачи во Франција | | | | | | | | | | | |
| 6.1.2.5 | Посета во Косово | | | | | | | | | | | |
| 6.2.1 | Балканска конференција | | | | | | | | | | | |
| 6.2.2<br>6.2.3 | Посета за размена на искуства | | | | | | | | | | | |

# СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАДОВИ

Следејќи го територијалниот пристап на соработката, Регионот Долна Нормандија води политика на придружување и поддршка на локалните единици кои сакаат да работат со Македонија. Оваа обврска и е доделена на асоцијацијата « Солидарни хоризонти (Horizon Solidaires) » во Долна Нормандија и на канцеларијата на децентрализираната соработка во Македонија. Почитувајќи ја независноста на локалните единици во спроведувањето на нивните активности, целта овде е да се поврзат за да ги искористат ресурсите и да создадат заеднички проект.

Соработките меѓу локалните единици од Долна Нормандија и Македонија се продлабочуваат и прошируваат во рамките на соработката. Во овој момент има 7 соработки меѓу општини од Долна Нормандија и Македонија, секоја на различен степен на соработка.
Активностите на секоја од соработките ќе бидат навремено додадени и ажурирани.

a. Средба со општините

*Дата : 5 декември 2011 година*
*Место : МК*

На 5ти декември 2011 година, претставници од пет македонски општини, збратимени со локални власти од регионот Долна Нормандија од Франција, одржаа заеднички состанок каде разговараа за својата досегашна соработка со нивните француски партери, но и за иднината на соработката на градовите од двете територии. Состанокот беше организиран од страна на канцеларијата на соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија во Скопје, Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) и Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС) со цел вмрежување на македонските градови кои соработуваат со Долна Нормандија. Координаторите на општините Дебар, Берово, Велес, Струга и Крушево ги претставија проектите и реализираните средби со своите збратимени општини од Долна Нормандија, како и нивното значење за локалниот и меѓународниот развој.

Секако, најголем интерес кај сите општини побудија заедничките теми на соработка во областа на културата, животната средина и одржливиот развој. Токму овие заеднички теми резултираа со динамична дебата на размислувања и идеи за проширување и збогатување на соработката со вклучување на повеќе општини од Македонија и од Долна Нормандија кои заеднички би работеле на одредени проекти преку формирање на работни групи и обуки.

- **Каен/Охрид**
- **Ливаро/Берово**
- **Шербур/Велес**
- **Ерманвил/Вевчани**
- **Иф/Дебар**

- **Вистреам/Струга**

*Дата : 31- 4 ноември 2011година*
*Место: ДН*

Македонската делегација за време на неколку дневната посета во Вистреам, имаше можност заедно со своите колеги од Долна Нормандија да посети неколку локации и да се запознае со начинот на работа во горе споменатите области. Покрај посетата на младинскиот центар и инфраструктурата на каналот во Вистреам, македонската делегација го посети и бирото за туризам, каде имаше можност одблизу да се запознае со организирањето на летен и зимски туризам.
На втори ноември 2011 година, во просториите на општината во Вистреам (Ouistreham), градоначалникот на Вистрам, г. Андре Ледран и г. Муним Бајкрактар, шеф на струшката делегација, потпишаа три годишен меморандум за соработка. Струга и Вистреам ја започнуваат официјалната соработка во полињата туризам, животната средина и млади. Потпишувањето на договорите е резултат на повеќе средби технички средби остварени во изминатиот период.
Потпишувањето на три годишниот меморандум меѓу Струга и Вистреам, како дел од децентрализираната соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија, претставува отворање на двата града кон светот и Европа во духот на еднаквост и размена.

- **Ст. Жемс/Крушево**